ЗАКОН ЗА ДОПОЛНУВАЊЕ НА ЗАКОНОТ ЗА ЗЕМЈОДЕЛСТВО И РУРАЛЕН РАЗВОЈ

Сл. Весник на Р. Македонија, бр.69 од 14.05.2013 година

Член 1

Во Законот за земјоделство и рурален развој („Службен весник на Република Македонија" број 49/10, 53/11, 126/12 и 15/13), по членот 14 се додава нов член 14-а, кој гласи:

„Обврски за пашарина и воден надоместок

Член 14-а

Корисниците на средства од членот 14 став 1 од овој закон треба да ги имаат намирено и финансиските обврски кон Јавното претпријатие за стопанисување со пасишта кои произлегуваат од склучените договори за користење на државните пасишта и намирено сите финансиски обврски за воден надоместок врз основа на евиденцијата која се води во водостопанските претпријатија, вклучително и евиденцијата на должници од регистарот на водните заедници на територијата на водостопанските претпријатија, за претходната година во однос на годината во која ќе може да го остваруваат правото на користење на средствата."

Член 2

Правото на користење на средствата од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2013 година може да имаат и корисници кои до денот на влегувањето во сила на овој закон ги немаат намирено обврските согласно со членот 14-а од овој закон за 2011 година, а ќе ги намират најдоцна до 30 октомври 2013 година и ќе достават барање за користење на средства до Агенцијата за финансиска поддршка во земјоделството и руралниот развој.

По исклучок од ставот 1 на овој член право на користење на средствата од Програмата за финансиска поддршка во земјоделството за 2013 година може да имаат и лица кои не можеле да склучат договори за користење на вода за наводнување поради немање на соодветна документација на водостопанските претпријатија и водните заедници, врз основа на соодветен доказ за тоа од овие водостопански претпријатија и водни заедници кои вршат наводнување на подрачјето кое ги опфаќа земјоделските површини на лицата кои можат да ги користат средствата од членот 14 став 1 од овој закон.

Член 3

Овој закон влегува во сила осмиот ден од денот на објавувањето во „Службен весник на Република Македонија".